Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 - 689/2
Дата: 19 -09- 2023

По претставката бр. 08 - 689 од 12.09.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје со живеалиште на [redacted], 1041 Илинден, Скопје против [redacted] од Скопје, вработена во ООУ Гоце Делчев во Илинден, Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 18.09.2023 година, го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К
## за отфрлање на претставка поради ненадлежност

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 - 689 од 12.09.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје против [redacted] од Скопје, вработена во ООУ Гоце Делчев во Илинден, Скопје **заради ненадлежност**.

## О б р а з л о ж е н и е

На 12.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 - 689, поднесена од [redacted] против [redacted], вработена во ООУ Гоце Делчев во населба Илинден, Скопје.

Претставката е поднесена поради барањето на пријавената за преместување на детето на подносителката од еден во друг клас во прво одделение во ООУ Гоце Делчев, заради јавна дискусија за детето на подносителката меѓу пријавената и останати вработени во училиштето како и за употреба на погрдни зборови на пријавената при барањето да се променат списоците на запишани ученици во прво одделение во училиштето, односно во барањето да се премести детето на подносителката од еден клас во друг. Со тоа подносителката смета дека кон нејзиното дете е извршена дискриминација.

По разгледувањето на претставката, констатираме дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Тоа од причина што во случајот опишан во претставката не може да стане збор за дискриминација, затоа што конретниот проблем не произведува нееднаквост во пристапот до образование на детето на подносителката врз основа на одредена заштитна карактеристика (дискриминаторска основа). Согласно наводите од претставката детето на подносителката и натаму е запишано во основното училиште и има пристап до основно образование на иста основа со другите деца запишани во ООУ Гоце Делчев во населба Илинден Скопје. Од друга страна за законитоста на преместувањето на ученикот од една во друга паралелка, односот на вработените во

основното училиште кон учениците, како и воопшто за примена на Законот за основното образование надлежен е Државниот просветен инспекторат.
Врз основа на ова, подносителката на претставката може да се обрати и да го адресира својот проблем до надлежниот орган – Државен просветен инспекторат.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје,
18.09.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаиљ Камбери

Доставено до:
- [redacted]